Врз основа на член 58 од Статутот на Акционерското друштво за производство на конфекциски производи МОДА АД Св.Николе, а согласно Одлуката за свикување на Годишно собрание на друштвото бр. 02-294/1 од 20.04.2026 год. и членовите 383, 384, 385 и 387 од ЗТД, Одборот на директори на АД МОДА Св.Николе објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА СВИКУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА АД МОДА СВ.НИКОЛЕ

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 27.05.2026 година (Среда) со почеток во 11,00 часот во деловните простории на друштвото во Св.Николе со седиште на Ул."М.Тито" бр. 79 Св.Николе.
За работата на седницата на Собранието се предлага следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ
1. Отворање на Собранието;;
2. Избор на Претседавач со Собранието;
3.Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4.Избор на бројачи на гласови.

РАБОТЕН ДЕЛ
1.Усвојување на Записникот бр. 02-308 од 27.05.2025 год;
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2025 година;
3.Донесување Одлука за распоредување на нето добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2025 година;
4. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото;
5. Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај од назначениот овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 год., со Мислење;
6. Донесување Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и Финансиските Извештаи на МОДА АД Св.Николе за деловната 2026 година;
7.Донесување на Одлука за реизбор на членови на Одборот на директори на Друштвото

Од вкупниот број 1.431.617 акции издадени од АД МОДА Св.Николе на денот на објавата на јавниот повик вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас се 1.431.617 акции.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Пријавите да се достават до МОДА АД Св.Николе.

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седниците на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото.

Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и/или предлагањето на одлуки за усвојување можат да го достават во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седниците на собранието, а подетални информации за постапката на доставување може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седниците на собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седниците на собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седниците на собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото од 12:00 до 13:00 часот и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјална интернет страница на Друштвото е:

www.ad-moda.com

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ